Објаснете ја вашата понатамошна вклученост во третирањето на темата/прашањето откако проектот ќе заврши и дадете опис на активности кои би следеле по завршувањето на проектот. Објаснете како проектот ќе ви помогне во зајакнувањето на вашите поддржувачи и како планирате да ги употребите постигнувањата (конкретните резултати кои сте ги постигнале), ресурсите (партнерските односи кои сте ги воспоставиле), искуствата или вештините со кои сте се стекнале преку овој проект во идните активности. Објаснете како активностите може да бидат одржливи по завршувањето на предложениот проект (како од програмски, така и од финансиски аспект).

| |
|---|
| |

# ИЗВИДНИЧКА АГОРА



**Што е Агора ?**

Агора претставува модел на дисусија и работа каде учесниците на демократкси начин слободно ги изразуват своите мислења и дискутираат по истите со останатите учесници.

Агората е првиот стар грчки модел, еквивалент на Римскиот форум.

Во извидничката организација Агората претставува настан за истражувачи и ровери на кој настан се споделуваат мислењата на извидниците и се разговара за истите како и за улогата на извидниците кон идентификуваните теми и прашања.

На национално ниво, Сојузот на извидници на Македонија еднаш годишно организира АГОРА на која учествуват ровери и истражувачи од сите извиднички одреди во Р.Македонија.

На овој собир се разговара за извидиштвото, програмата, улогата на извидниците како и за потребите на младите и општеството.

Понекогаш Агората може да има тематика и следствано темите за дебата и работа се водени од тематиката на настанот.

На настанот учесниците дебатираат и идентификуваат предлог тема за работа во тековната година на која роверите и истражувачите ќе работат во своите тимови/ годишнио проекти.

Најчесто на националната извидничка Агора се дискутира за потребите и проблемите на младите и се креират предлог активности – проекти за решавање на овие потреби/проблеми.

Секоја година се избираат најдобрите ровери кои можат потоа да учествуваат на интернационалната Агора која секоја година се организира во различна Европска држава.

**Зошто е важна Агора**

Преку учеството на овој настан Роверите се стекнувате со компентенции и култура за дебата, се стимулирате за изразување и при тоа имате можност директно да придонесете кон исполнување на роверската мисија, да насочите активности кои ќе решаваат реална потреба и проблем остварувајки ја својата служба.

Роверите како иницијативни млади во општетството и одговорни индивиуи преку овој настан ги канализираат своите идеи и ја насочуваат својата служба.

Преку инволвирање во Агора Роверите прикажуваат иницијативност и активизам што се едни од основите цели на извидничката организација и нуди развој на роверот во сите развојни полиња, особено интелектуален развој, ментален и социјален бидејки прек вклучувањето во настанот роверот, разменува и твори производ заеднички со своите врсници и со производот го прави светот подобро место за живеење.

Преку Агора роверот директно може да почуствува разултат од својата мисија и служба и директно да согледа како со своето размислување и како со своите дела придонесува кон градењена општеството околу себе и во градењето на подобар свет.

## ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ АКТИВНОСТИ



## Rowerway

Најголемиот Европски настан за роверите несомлено е Rowerway. Се одржува на секои 4 години и претставува своевидена смотра за сите Ровери во Европа. Секогаш се одржува на различна локација (Италија, Португалија, Исланд, Финска, Франција) и како настан здружува повеке илјадници ровери од сите држави во Европа и пошироко кои преку многу дружење авантура и забава се едуцираат, разменуваат искуства и ги подобруваат своите вештини.



Настанот Rowerway се состои секогаш од два дела: Патека и Камп. Патеката е секогаш првиот елемент од Rowerway кога учесниците ровери во тимови пешачат предходно подготвена атрактивна патека низ планините, реките и населбите во државата домакин и на уникатен начин преку тимски задачи ја спознаваат културата, традицијата и природните богатства на државата. Покрај тоа патеката е секогаш исполнета со аватура, физички, интелектуални и ментални предизвици.

Кампот започнува со самиот крај на патеката. Најчесто постојат повеке патеки кои започнуваат на различни локации и завршуваат на едно место, во централниот камп. Во овој камп роверите престојуваат околу 4 до 5 дена и за нив се подготвени широка лепеза на атрактивни активности кои го стимулираат нивниот извиднички дух, авантурата, размената и дебатата и дружењето. Во кампот забавата секогаш е присутна, од ативностите до

вечерните забави кои се одвиваат како своевиден извиднички фестивал на повеке локации со различна содржина.

Rowerway е навистина посебен и исклучително квалитетен настан кој е дел од предложената програма за секој ровер. На Rowerway ќе се пронајдете себеси, ќе се дружите и забавувате, ќе учите и доживувате. Rowerway е настан кој несмее да се пропушти.

-

Јас на Rowerway

**Спомените од мојот тим**

**Дата : __________________**

## АГОРА

Агора е образовна алатка која го користи Извидничкиот метод за да стигне на образовните цели за роверот и која посветува посебен акцент на еманципација на младите и нивно зајакнување.

Она што ја прави Агора толку посебен настан е тоа што е настан "за Ровери, од Ровери".

Како резултат на тоа, на настанот се третираат прашања кои се од значење и релевантни за младите во нашето општество денес и се стреми кон исполнување и решавање на истите преку активностите на роеверите односно преку извидништвото.

Агора се стреми да биде место за средба, во која соништа, чувства, интереси, искуства, идеи и патеки се споделуваат, се поврзуваат и заеднички се доживуваат;

Агора како настан е крстосница која ќе биде извор на инспирација и енергија за роверите.

Тоа е место за дебата и споделување, како и настава и учење едни од други. И што е најважно, Агора е настан за добивање на нова мотивација и насока на еден пат како ровер.

Секој настан се фокусира на главна тема врз која е изградена програмата. Агора е Европски настан и се организира еднаш годишно на различни локации, каде бројот на учесници е органичен. За да присуствувате на настанот потребна е дозвола од Сојузот на извидници на Македонија.

## Јас на АГОРА

**Спомените од мојот тим**

**Дата: ___________________**

## Интернационален сервисен тим

Роверите во извидничката организација се одговорни и конструктивни индивидуи кои пружаат подршка на помладите и повозрасните, на општеството и на својта организација.

Поддршката и одговорноста на секој ровер е интегрирана во своите постапки, размислувања и дела. Патот за градење на подобар свет започнува со градење на себеси во подобар човек и токму во тоа се основите на делувањето на секој ровер.

Во светот извидничкта организација е најбројното младинско движење. Секоја година во светот се организираат стотици извиднички кампови кои се интернационални и оставаат простор за роверите да се вклучат во организациониот тим, давајки подршка во организацијата, спроведување на програмата, логистичка, техничка подршка односно подршка со своите вештини преку кои ќе допринесе кон организацијата на настанот.

Популарно оваа програма или можност е наречена IST (International Service Team) Интернационален Сервисен Тим и е достапна за сите поголеми настани.

Оваа програма на вас како ровери ќе Ви озвозможи уникатно доживување, применување и усовршување на вашите вештини, дружење, забава и спознавање на нови извидници, култури, традиции и.т.н.

Фактот дека годишно се случуваат по неколку вакви настани пружа инзворедна можност за многу вакви доживувања кои ќе ја вградат во вас интернационалната димензија на извидништвото.

**Јас како член на Интернационален Сервисен Тим**

**Спомените од мојот тим**

## Нашата Македонска Смотра

Сојузот на извидници на Македонија традиционално на секој 5 години организира интернационална смотра на која присуствуваат извидниците од Македонија и гости од целиот свет.

Смотрата е најголемиот настан организиран од Сојузот на извидници на Македонија и предтавува сложен процес и сплет на многу активности, планирање и организација со цел на извидниците и истражувачите да им се понуди актрактивна и инспиративна програма и уникатно дожувување.

Секој ровер со своите стекнати вештини е должен да се вклучи и да ја подржи организацијата на овој настан вклучувајки се во националниот роверски тим и лигата на роверите.

Вклученоста во овој процес носи непроценливо искуство, нови знаења, пријателства, дружење и забава.

Вие како ровер можете да придонесете на многу начини, односно правејки го она што најмногу ве исполнува.

**Јас на _____Интернационална Македонска Смотра ______год.**

**Мојата улога: _______________________________________________**

___________________________________________________________

___________________________________________________________

___________________________________________________________

___________________________________________________________

___________________________________________________________

___________________________________________________________

___________________________________________________________

___________________________________________________________

___________________________________________________________

___________________________________________________________

____________________________________

**Спомените од мојот тим**

## MOOT

Светскиот извиднички MOOT е настан наменет за роверите на возраст од 18 до 26 години. MOOT се одржува на секои 4 години и е организиран од Светската Извидничка Организација. Зборот MOOT доага од стар англиски израз кои значи – Средба.

На секој MOOT се собират околу 5000 извидници и настанот представува одлична можност за развој на секој извидник и доближување кон интернационалните димензии на извидничкото движење.

На MOOT роверите ги споделуваат своите погледи за извидништвото на глобален план, трендовите и процесите кои го засегаат извидништвото и преку дружње и забава се здобиваат со применливи вештини од повеке области кои значително го зајакнуваат извидничкиот дух и компететивноста на роверот.

Преку учеството на MOOT роверите се добилижуват кон процесот на стрнување на светски грагани.

Локацијата на одржување на MOOT се одредува на светска конференција и секој MOOT има своја тематика која дополнително ја збогатува програмата со многу авантура, уникатни посети и активности пропратени со незнаборавни искустава што го прави MOOT еден од најпрестижните настани за учество.

Јас на ______МООТ _______год.

Мојата улога: ______________________________________________

**Спомените од мојот тим**

# ПОСЕБЕН РОВЕРСКИ  ПРОГРАМ

***Liguae of Roveres***

***Роверка Лига***

## ПОСЕБЕН РОВЕРСКИ ПРОГРАМ

Посебниот програм за роверите во извидниката организација представува осмислен модуларен предизвик состевен од прдизвикувачки активности кои роверите требаат да ги исполнат преку заедничка работа во нивните роверски клубови, тимско планирање и исполнување на зададените предизвици преку кои ке ја постигнат крајната цел за личен емоционален, интелектуален, ментален, социален и духовен развој, градење на конструктивност и посветеност за општеството и продлабочување во својата татковина, природата и заедницата.

Посебниот програм за роверите се состои од 17 модулни активности од различен карактер за чија реализација роверите треба заеднички да го планираат нивното исполнување, да го организираат и имплементираат.

Програмот симблично е картографиран на основата на роверската марама која се добива при свеченото влегување во роверската категорија на извидници.  Оваа марама е единствена и секој ровер ја добива еднаш а потоа се води по нејзе.

Дополнително секој од 17те модули од посебната програма е образложен и постевен во овој роверски дневник.

МОДУЛ 1

## Водопадите во Р.Македонија

Водопадите ширум нашата татковина раскажуваат уште една од убавите приказни на сплетот од природните убавини и можноста за авантура.

Првиот модул ве предизвикува да ги посетете најголемите водопади во Р.Македонија притоа изработувајки запис за вашата авантура. Некој од водопадите се лесно достапни, додека некој ќе ви зададат адреналински предизвик и многу авантура.

Уживајте !



**Сипкови водопади- Пехчево**



Седум водопади криела густата борова шума во пехчевскиот дел на Малешевските планини. Водопадите кај изворот на Брегалница се одалечени од Пехчево околу шест километри.

Вљубениците во природата уживаат во овие водопади до кои има изградено и пешачки патеки. Највисок е водопадот на брегалничката притока Жолтачка река, со височина од 14 метри.

Истражете ги водопадите и организирајте посета со вашиот тим !



**Водопад Длабока река- Кораб**



Изворите на Длабока Река се наоѓаат на околу 2500 метри надморска висина, веднаш под врвот Мал Кораб. Она што ја прави посебна и привлечна за љубителите на исконската природна убавина, секако е водопадот кој се формира во горниот тек на реката. Овој водопад со висина од околу 130 метри е највисок во Македонија. Најдобриот период за посета е во текот на месеците јуни и јули, тогаш снегот не претставува голема пречка, а поради неговото топење, водопадот има најмногу вода.



**Водопади на Ѓеневица (Галичник)**



Реката Ѓеневица тече во должина од 8 километри низ ливади, шуми и карпи.

Низ својот тек таа право водопади. Највеличествен дел претставува најзиниот кањон, кој не е целосно пристапен, заради тешкиот терен.

## Дуфски водопади





Вообичаена слика за Дуфските водопади е блескавата вода што паѓа од недогледните карпи во височините, директно врз чистинка со клупа и дрвени столчиња и камења. Пејзажниот колорит му е целосно потчинет на сивата боја, а природата остава „мрачен“ впечаток. Се е влажно, остро, стрмно, само водата е светла.

## Колешински  и Смоларски водопади- Струмица



Идеално за викенд активност !



Како неизбежна атракција во струмичкиот регион се вбројува и еден од највисоките водопади во Македонија, лоциран во југоисточниот дел на Република Македонија, во пазувите на планината Беласица помеѓу јаворова шума и камени гребени на надморска височина од 610 метри. Со својот максимален пад на водата во висина од 19 метри досега не оставиле рамнодушен ниту еден од нивните посетители. Колешинскиот водопад има просечна височина од 15 м, а широчина на падот околу 6 метри. Според постанокот тој е тектонски водопад, создаден во гранитни камења. Спротиводно од Колешинскиот водопад, на оддалеченост од околу 100 метри се наоѓаат уште неколку помали водопади

распоредени во низа, високи од 2 до 4 метри, кои припаѓаат на неговиот централен слив.

**Смоларски водопад** — водопад е сместен на северните падини на планината Беласица, по текот на реката Ломница, на надморска височинаод 600 м во регионот на селото Смолари.



Вкупната височина на вертикалниот отсек на Смоларскиот водопад изнесува 39,5 метри.

На дното од водопадот формиран е џиновски лонец, чија должина во правец на течењето на речната вода изнесува 5 метри, широчината е 11 метри, а длабочината се движи од 0,5 до 0,7 метри.

Смоларскиот водопад е единствен постојан водопад во Македонија со пад на водата од 39,5 метри.

Смоларе е како повеќето села во Македонија, мало село во кое живеат љубезни и гостопримливи луѓе. Но ова село има посебно богатство скриено во планината, Смоларски Водопад.

За да дојдете до водопадот, треба да патувате по тесен, кривулест пат и да ја намалите брзината бидејќи тракторите и запрежните возила се карактеристични за оваа област. Овде главното занимање е земјоделството.

На патот кон водопадот ќе наидете на мал пазар од каде можете да купите локални производи. Овој пазар беше отворен во Јануари 2007 година каде локалното население е секогаш таму да ви понудат локални пиперки, јаболка, краставици и уште многу вкусни и здрави производи. По краткиот разговор на пазарот продолжувате со искачување до водопадот.

Освојување на Модул 1

- ✓ Заедно со мојот тим посетив 4 водопади од модулот
- ✓ Изработив запис од посетите
- ✓ Знам да ги објснам водопадите, нивната локација и специфичности,

Извештај од освојување на модулот

Модул 2

Наменети за летен период

## Високата петка (Највисоките врвови во Р.Македонија)

Слободно може да се каже дека Република Македонија е планинска земја со околу 40 планини од кои 12 повисоки од 2000 метри. Ниту една држава во Европа, нема толкав број на самостојни планински целини и планински масиви во однос на својата површина. На сите овие планини има околу 260 интересни и впечатливи планински врвови, од кои 85 над 2000 метри.

Вашата задача е со вашиот тим да се искачите на највисоките пет врвови во Р.Македонија !



**Голем Кораб (2753 m)** е највисок врв на планината Кораб, а воедно и највисок врв во Република Македонија. Врвот се наоѓа во северниот дел на планината, на границата со Република Албанија.

Врвот е доста стрмен, особено кон албанската страна и изграден од тријаски варовници. Поради големата височина, во близина и во подножјето се јавуваат траги од плеистоцена глацијација: циркови, валови, морени и др. Под врвот извира Длабока Река (десна притока на Радика), на која се наоѓа водопадот Пројфел висок 133 m.

Секој 8ми септември се организира традиционално заедничко качување на врвот Кораб.

Најдобар пристап, 47 км од Гостивар



**Титов Врв (2747 m**), уште е познат како Турчин или Шар и е меѓу најубавите, а воедно и највисок врв на Шар Планина и втор по



височина во Република Македонија. Изграден е од мезозојски варовници, доста распукани и оголени. Инаку има пирамидална форма. Околу самиот врв, поради силното мразно разорување се јавуваат камени реки и сипари.

Северозападно од врвот е изворот на реката Пена кон која се протега преубав видик, а јужно се наоѓаат неколку глацијални езера меѓу кои најинтересни се Белото и Боговинското.

Според неофицијални податоци, Вакуфската патека, која тргнува од Попова Шапка и завршува на Титов Врв е долга 15-17 км, а самото искачување по оваа патека трае 4-5 ч. Неверојатно е чувството, кога по околу 4 часа макотрпно пешачење, ќе го здогледате врвот, најмногу препознатлив по кулата. И токму од тој миг, кога ви се чини дека врвот ви е на дофат, имате уште цели 60-тина минути пешачење. Според многумина, ова се најтешките минути, што од физички аспект (тука теренот е најстрмен и најтежок), така и од психички, поради илузијата дека кулата е блиску, а сепак релативно далеку, а секако тука е и неизбежното исцрпувачко чувство на нестрпливост. За тие 4-5 часа искачување, интересен е фактот дека нема да здогледате траги на цивилизација. Ќе бидете опкружени со недогледни пасишта со сочна трева, а на некои места, ќе здогледате по некој „снежен јазик“ – како што планинарите популарно ги именуваат местата на кои снегот сѐ уште упорно се бори со нежното планинско сонце.



Titov vrv
Bakardan
Antena
Smreka
Gornja Lešnica
Kazani
Kazanište
Orlova stena
Bobinova stena
Popova Šapka
Vakafska bačila
Vakalski izvori

**Пелистер (2601 m)** е највисокиот врв на планината Баба, а се наоѓа



во нејзиниот северен дел. Месното население целата планина ја нарекува Пелистер. Врвот е најдоминантен во овој дел на Република Македонија. Инаку изграден е од гранитни карпи и палеозојски шкрилци. Оголен е, а поради мразното разорување е интензивен процесот на распаѓање на карпите. Интересни се појавите на морињa од карпи кои се јавуваат под самиот врв. Поради специфичната положба нуди широк и прекрасен панорамски видик, а од јужната страна, под Пелистер е убавото глацијално Мало Езеро.

Пелистер се кажува од повеќе насоки од кои ние Ви ја препорачуваме патеката од село Нижеполе преку ледничките езера.

На брегот на големото езеро е изграден Планинарски дом покрај кој можете да подигнете логор.

Идејално за викенд авантура со вашиот тим !



Capari
Rotino
Bratin Dol
Trnovo
Magarevo
Dihovo
Niže Pole
Pelister
Ilinden
Širok stapalo
Partizanski vrv
Mrazarnik
Veternica
Skrkovo
Musa
Marušica
Vlaške koliba

**Солунска Глава (2540 m)** е највисокиот врв на планината Јакупица. Тој е остар (со конусен изглед), карпест и карстифициран.



Од врвот може да се гледа поголемиот дел од територијата на Република Македонија, а за многу ведро време, според кажувањата се гледа дури до Солунскиот Залив. Поради својата положба и доминантност, Солунска Глава има стратешко значење за нашата држава. На самиот врв и во неговото подножје има неколку огромни пропасти – најдлабоки во Македонија. На југоисточната страна, се јавува амфитеатрален отсек длабок скоро 1000 м, во чие подножје е изворот на реката Бабуна.

Ако се користи Планинарскиот дом „Чеплес“ како појдовна точка можно е да се направи искачување на врвот **Солунска Глава**, со височина од 2.539 м. Поребно е околу 3 часа печашење во добри временски услови во летниот период. Можни се брзи промени на временските услови од кои причини искачувањето до врвот се препорачува на искусни планинари или во организирани групи во кои има искусни планинари. Доколку се користи за појдовна точка п.дом Караџица, искачувањето до врвот трае окулу 5 часа. Како можни тури преку врвот Солунска Глава планинарите ги користат следниве траси:

- Траса Чеплес - **Солунска Глава** - Убава - Патишка река - Скопје. Околу 8 часа пешачење.
- Траса Чеплес - **Солунска Глава** - Планинарски дом „Караџица“ - 8 Часа пешачење


Patiška Reka
Aldinci
Krvenica
Mlada Buka
Ahmetovo Gjubre
Brazda
Ostri Vrv
Skenderova Rupa
Karadžica
Gorni pepeljak
Salakova Planina
Šaškovica
Sipačan
Parunike
Kota
20
6
Vraca
Krivul
G. Jabolčište
Šilegarnik
Zavoj
Ivanov Kamen
Popov Grob
Solunska Glava
Gorna Jakupica
Dolna Jakupica
Jakupički Preslop
Pl. prifaten dom
Perčulica
Gorna Belica
Kantarica
Ismailica
Grob
G. Kjule
D. Kjule
Bibol Bačila
Bela Kobila
Katunište
Nežilovo
Papradište
Selim Bačila
Topka
Čardak
Momina Čuka
Odbivarnik
Sokol
Starec
Oreše
Kapinovo
Crešnevo
Rendova Livada
Gečik
Tinje
Kjafe (Bobiš)
Čestak
Bogomila
Babuna
Cerov Vrv
Smakov Rid
Bora Preslop
Bel Kamen

**Кајмакчалан (2520 m)** е највисок врв на планината Ниџе. Просторно се наоѓа во средишниот дел на планината, на самата граница со Република Грција.



Врвот е оголен, стрмен посебно кон долината на Коњарка на север и релативно пристапен, бидејќи до него води макадамски пат кој започнува кај с. Скочивир.

На самиот врв има црква, гробница и неколку други помали објекти како обележја од Првата Светска војна.

Врвот е познат по Кајмакчаланската битка која што се водела помеѓу Србија и Бугарија. Битката траела од 12 Септември до 03 Октомври 1916 година. На ова место жестоко се судриле Српската со Бугарската војска, во кои учествувале и многу Македонци од двете страни на фронтот, кои биле принудени да го дадат својот живот за туѓи интереси. Според некои локални приказни кои што се раскажувани во село Старавина имало и битки во кои се бореле брат против брат од двете страни на фронтот. Навечер можеле да се слушнат пријателски разговори помеѓу спротивните страни.

За црквата Св. Петар има и една легенда поврзана со Рудолф Арчибалд Рајс. Тој помеѓу луѓето бил познат и како доктор Рајс, но всушност не бил доктор, туку бил професор, криминолог, фоторепортер и дописник за неколку весници во првата светска војна директно од фронтот. Доктор Рајс имал желба откако ќе почине неговото срце да биде обвиткано во злато и да биде ставено во урна внатре во црквата. Се смета дека неговото срце било во таа урна после неговата смрт во 1928 година па се до Втората светска војна кога врвот бил освоен од страна на Бугарите и тогаш се губи трага на срцето.


СТАРТ
караула Кajмакчалан
2 км
4 км
6 км
КТ1
8 км
10 км
КТ2
12 км
14км
КТ3
16 км
18 км
ЦЕЛ
20 к
22 км
24 км
25,5 км
ВРВ КАЈМАКЧАЛАН (2520)

## Освојување на Модул 2

- ✓ Заедно со мојот тим се искачив на 4 врва од модулот
- ✓ Изработив запис од посетите
- ✓ Знам да ги објснам врвовите, нивната локација и специфичности,

### Извештај од освојување на модулот

МОДУЛ 3

## Вевчански карневал

Еден од најпознатите карневали во Р.Македонија е Вевчанскиот карневал. Пишани извори сведочат дека карневалот е стар најмалку 1.460 години, но постојат археолошки наоди кои упатуваат на податоци дека карневалот постои барем 2200 години. Денес карневалот е интересно и необично преплетување на пагански со христијански обичаи.



Традиционално, учесниците се обидуваат да избегнат воведување на современи карневалски елементи, но сепак во последните години во организација на Општината и Министерството за култура, се воведува ред во овој инаку хаотичен вонвременски настан.

Вевчанскиот карневал во суштина е обичај под маска, кој се нарекува *„Свети Васиља“* (Василица). Се празнува на 13 и 14 јануари секоја година и е посветен на Св. Василиј Велики. На тој ден се дочекува новата православна година, а се испраќа старата.

**Ваша задача во овој модул е со вашиот тим да учествувате со своја маска на Вевчанскиот каневал !**

Инаку, тој е пагански обичај кој тука се сочувал сè до денешни дни. Учесниците во него се нарекуваат василичари. Тоа се маскирани поединци и групи од сите возрасти организирани по маала.

Тоа се маските на зетот и невестата, на музичарите, на Глупи август и на ѓаволите. Особено е карактеристична маската на Глупи Август.

Обично неговата улога ја прифаќаат млади луѓе, полни со енергија, бидејќи тоа го бара самиот лик.

Глупи август настапува со дозирана агресивност во заштита на зетот и невестата (симболот на плодноста), а со публиката комуницира само со крикови и движења. Оваа маска се јавува од времето на антиката како своевидна пародија на тогашните владетели. Наспроти овие маски, во далеку поголем број се актуелните маски кои се јавуваат само еднаш. Токму тоа ги тера учесниците да бараат нови идеи и маски што го чини карневалот секогаш актуелен, масовен и привлечен за јавноста. Покрај тоа, тој има и натпреварувачки карактер меѓу ривалските групи на Долна и Горна Маала.

На вевчанскиот карневал се збираат жители и од околните села како публика. Два дена ечи селото од зурлите, тапаните, песните и игрите, шегите и довикувањата. Три месеци пред тоа печалбарите пак живеат за Василица. Се приготвуваат, измислуваат или прават маски, се договараат со оштo да ги изненадат другите василичари - како што ги викаат маскираните во карневалот. Тој е и чудна парада на духот на овие луѓе, инвентивноста, манифестацијата на веселоста иако градите им се полнеле со офкање од разделбите катагодишни.

На вечерта спроти Василица, штом се спушти ноќта, горномалската и долномалската тајфа василичари тргнува во обиколка на куќите. Пред секоја оро, пред секоја грст мрсни шеги за домаќинот и домашните, песни, и ,, Сурва година, со женски јагниња, машки дечиња, женски телиња...... Ураааааа!!! ,,. Големите желби за плодна и среќна година и донесената веселба домаќините ги наградуваат со парче леб, неготвено месо и згора на тоа пари.На вевчанскиот карневал познат е обичајот „Крштевање вода во извор“ во водите на познатите вевчански извори. Тоа се прави кога негде ќе се расцути мугрaта под налетот на зората во два или три часот наутро, на 14 јануари, на Василица. Иако рано, учесници се, речиси, целото село, 1.000 до 1.500 вевчанци. Во нив има повеќе

жени од мажи, има и стари, но повеќе млади вевчански генерации. Остварувањето на овој обичај е сврзан со предметите ѓум или бакарно котле, а поретко има литургија или погача, домашно месена и печена. Главниот предмет за обичајот „Крштевање вода“ е василичарската китка. Неа некои ја прават како крст, но задолжително од три гранчиња: дрен, босилек и василичарка. Секое гранче на китката има посебна цел: дренот е тврдо дрво, рано ја најавува пролетта и раѓа здрав живот и богат бериќет. Босилекот е господово растение со кое се благословува плодност, нов и здрав живот и бериќетно лето. Пак, василичарката е растение со боцки кои го прогонуваат злото и се што е страшно, лошо и неприфатливо за новата година.

И за овој обичај главнината на поворката ја чинат горномаалските и долномаалските василичари. Тие се предводени од зетот и невестата со побратимите и музиката. Во оваа пригода селскиот поп игра главна улога. Попатно на поворката се придружуваат соселани од сите селски маала кои се упатуваат кон изворите. Ова вевчанци, како обичај го викаат „одење на вода“. Тука во водите на вевчанските извори се прави чинот на крштевање вода: молитвите на попот, кршењето на лебот и квасењето на василичарската китка, го симболизира крштевањето на водата, а потоа се полнат бакарните садови. По ова зимската атмосфера се облагородува со песни, игри, желби и честитки „За многу години - Сурва година“. Потоа следува враќањето дома, каде што продолжува празнувањето на обичајот. Во домот „крстената вода“ од бакарниот сад се дели на половина. Целта нејзина е да се употреби за две намени. Првата се однесува на водата што ќе остане во котлето. Имено, домаќинот со садот „крстена вода“ тропа на затворената врата на својата куќа, а потоа вратата се отвора и почнува првата церемонија на остварување на обичајот. Тој ја кваси китката и ги прска просториите во куќата - домот, благословувајќи „за убајна, бериќет за женски јагниња и телиња и за полни амбари жито и бочви со вино“. Домаќинот и прскањето

со „крстена вода“ го прави и во просториите каде што се одгледува стоката и живината: пондилата, кокошарниците. И ова се прави за добро и подобро во новото Господово лето.

Втората намена на „крстената вода“ ја употребува домаќинката на куќата. Таа со неа, рано наутро, на 14 јануари, на Василица ќе меси кашаник со паричка. Значи празнувањето на обичајот продолжува со месење, печење и гостење со кашаникот, тој е вевчански специјалитет за гостите и гостењето на денот на Василица. Тоа е некиснато тесто од пченично брашно со квасец. Кашаникот на гостите што ќе го посетат домаќинот на Василица се послужува со луканци (вевчански домашни колбаси) и со домашно биено сирење и кисело млеко. Преданието вели: „Кој ќе кеснит од кашаникот и тој што ќе ја најт паричката, ќе имат убајна, ајр, ем бериќет до година на Василица - Сурва година“. Дента на Нова година арена на игрите и песните продолжува среде селото, каде и завршува прекрасниот празник. Од 1993 година карневалот е член на Здружението на европските карневалски градови,во кое Вевчани на големо негодување на Грција, ја внесе Македонија под своето уставно име.

Карневалот во Вевчани, беше повод во 1996 година, на местото на настанот да се оддржи семинарот на тема ,, Обичаи под маска ,, со учество на домашни и етнолози од повеќе европски земји, кои од карневалот на јавноста и ги издвоија основните карактеристики: традиционалните маски, појавата на ликови од општенствениот живот, но и елементите кои го сочинуваат првобитниот слој на обичајот. Се разбира, тие дадоа и свое видување и за новините инкорпорирани во традиционалниот обичај. На вевчанскиот карневал, своевиден ,, Театар без ѕидишта ,, не му се случило да ја оддложи претставата. Тој од година во година се повеќе и повеќе го предизвикува интересот на јавноста, како во земјата така и во странство.

Освојување на Модул 3

- ✓ Заедно со мојот тим подготвивме маски и учествуваме на Вевчанксиот карневал.
- ✓ Изработив запис од учеството на карневалот.
- ✓ Знам да го објаснам настанот, значењето и традицијата.

## Извештај од освојување на модулот

## Тимска маска

## Село Град и Коњска Пештера



Град, е село во Пијанец, општина Делчево. Се наоѓа на неколку километри од магистралниот пат Делчево-Берово. Местото на кое се наоѓа селото изобилува со вода, плодна земја и пасишта, кои се и прчина да ова место биде населено уште пред 5.500 години. Во него се вкрстувале главни и споредни патишта. Преду селото поминувал стариот пат, кој од рудоносните ридови на Саса и Калатакај Каменица, водел преку Луковица, Драмче, Црквенец, Ѕвегор, Град и онатаму преку Малешевијата за Солун. Патот поминувал по десната страна на реката Брегалница. Преку Град, кај планината Обел, Поминувал пат кој водел за долината на Струма, а одтаму за Константинопол.

Во селото Град постои археолошко наоѓалиште, кое се нарекува “Градиште”. Со археолошките истражувања во 2001 година, археолозите пронашле фигура од метал на женско божество-мајка со жртвеник, која е датирана од пред 5.500 години. Откопана е енолитска куќа, во состојба каква и што била од пред 5.500 години. Во неа имало огниште со четири керамички садови. На тоа подрачје се откриени и бронзенодобски населби. Сите тие наоди зборуваат дека на тоа место имало живот уште многу одамна.

Со поранешите истражувања, во атарот на селото ео откриена голема тава со грчки монети од градот Хистие (Еубеа) од 4-ти и 3-ти век пред Христос. Тоа иницира дека таму постоела населба и за време на Хелинистичкиот период, која продолжува да егзистира и за римско време.

На самиот рид на Градиштето се пронајдени голем број на монети од римскиот период и рановизантиско време. Пронајдени се камени садови и керамика од сите периоди. Откопани се и голем број на питоси.

Со археолошките истражувања во селото од 2001 година Градиштето било датирано како доцноантички град, 1-4 век по Христос. Според археолоштите наоди тоа било добро обезбедена тврдина, со акропола на врвот на ридот и со кула за набљудување на околината и одбрана од напади. До сега во Град не е лоцирана ранохристијанска црква, иако преданието збоува дека во селото имало повеке цркви. Во средниот век имало развиен црковен живот. За тоа сведочат бронзените крстови кои се најдени во Градиштето при ископувањата во 2001 година. Таму се најдени три бронзени крста, од кои кои едниот е датиран 10-12 век, вториот само од средниот век, а третиот од 18 век. Од податоците кои ни се на располагање од времето на владеење на царот Милутин , цар Душан и од еден Турски попис од 1570 година одзнаваме дека станува збор за голема и организирана населба.

Како султанска држава со Хатихумајунот од 1856 година, со кој првпат е прокламирана слобода на вероисповед и рамноправност на сите турски поданици, христијаните од Град, најверојатно предводени од свештениците и занаетчиите, поднеле барање да им одобри изградба и доградба на црквата “Свети Георги” во селото. Ферманот со кој султанот го одобрил барањето на христијаните од Град, беше најден во црквата во селото, а сега се чува во архивот на Македонија. Ферманот го издал султанот Абдул Меџит, кој владеел од 1839 до 1861 година.

Заедно со вашиот тим организирајте посета на локалитетот и изработете запис за селото. Дополнително во близина на локалитетот придонесете со градење колиба за засолниште.

Освојување на Модул 4

- ✓ Заедно со мојот тим подготвивме мисија и го посетивме локалитетот.
- ✓ Заедно со мојот тим изградивме колиба во близина на селото.
- ✓ Изработив запис од истражувањето.
- ✓ Знам да го објаснам местото, локалитетот, значењето и традицијата.

Извештај од освојување на модулот

Потребна е висока подготвеност !

Возможно само во летниот период !

Модул 5

## Западно-македонска трансферзала (Љуботен – Охрид 220)

Ова е најдолгата планинарска трансферзала со постојани висини над 2.100 метри надморска височина. Имате 12 контролни точки. Оваа трансферзала важи за една од потешките за совладување.



Патеката се поминува за најмалку 8 дена доколку сте добро подготвени. Оваа трансфезала бара исклучителна подготвеност, добро планирање и внимание. Бидете подготвени !

Ден 1 ( Љуботен – Ливадичко езеро)

Ден 2 (Езерски Врв - Караниколички Езера)

Ден 3 Караниколички езера - Џинибег (извори на Пена и Смрека)

Ден 4 (Џинибег – Лера)

Ден 5 (Лера – Галичник)

Ден 6 (Галичник – Лазарополе)

Ден 7 (Лазарополе - Голема Мегданица)

Ден 8  (Голема Мегданица – Охрид)

Освојување на Модул 5

- Заедно со мојот тим подготвивме мисија и ја поминавме трансферзалата.
- ✓ Изработив запис од истражувањето.
- ✓ Знам да ја објаснам трансферзалата, локациите патеката...

Извештај од освојување на модулот

Модул 6



Најдобар термин се есенските и пролетните рамноденици !

## Кокино

На 35 километри од Куманово, на надморска височина од 1013 метри, сместена на неовулкански рид веднаш под врвот Татиќев Камен, се наоѓа мегалитската опсерваторија Кокино.



Со математичка прецизност старите Македонци ги утврдувале местата на Сонцето во денот на долгодневицата, пролетната и есенската рамноденица, минималното и максималното отстапување на Месечината во зимскиот период и слично. И точно знаеле дека сето тоа ќе се повтори точно по 18,6 години. Опсерваторијата е стара четири илјади години и преку неа може да се одредат четирите главни позиции на Месечината и трите главни позиции на Сонцето во текот на една година.



Инаку, на локалитетот е лоцирана централната позиција за набљудување на небесните тела, како и седум маркери изработени во вертикалните карпи со кои се означувале местата на изгрејување на сонцето и на месечината. Тука ќе ги најдете камените седишта наречени тронови, издлабени во карпа, поставени во правецот север-југ. На овој начин, доколку сте седнат на ова и само на ова место, вас и само вас ве осветлува првиот утрински сончев зрак. И вие и само вие сте во онаа непосредна врска со бога.

**Света планина**

Во 2005 година НАСА го стави Кокино на четвртото место на листата со најстари и најважни астрономски опсерватории на светот. Првите наоди биле добиени истата година кога била откриена населба од бронзениот период, населба што според својот изглед и димензии се разликувала од слични вакви археолошки населби. Карактеристично е дека Кокино е комплексен локалитет. Пред да стане опсерваторија, најверојатно бил света планина на која се изведувани повеќе култови, а еден со сигурност бил присутен: култот на Големата Мајка Божица (Магна Матер), значи Мајка на сите богови.

Вториот култ е најверојатно култот на светиот брак меѓу Мајката Земја и Сонцето, култ што во тој период бил распространет низ Медитеранот. Зборуваме за вториот милениум пред нашата ера, кога карпестиот планински врв се персонофицира како тело на Мајката Божица, Мајката Земја и во одредени временски периоди на овие одредени места, првите сончеви зраци што паѓале го означувале почетокот на таа света врска, свет брак меѓу Земјата и Сонцето, од кое понатаму ќе заживее сè живо во природата.

Ова е света планина и секое приближување кон неа буди чувство на почит. Четирите илјади години побиваат четири илјади говорници за нашето (не)постоење. Мистичноста на овој простор ве води во размислување за едно место на кое еден народ живее со генерации.

Заедно со вашиот тим, организирајте посета на лоалитетот и кампувајте вршејки астролошки набљудувања !

Освојување на Модул 6

- ✓ Заедно со мојот тим подготвивме посета на локалитетот Кокино
- ✓ Заедно со мојот тим извршивме астронсмки набљудувања.
- ✓ Изработив запис од истражувањето.
- ✓ Знам да го објаснам лоалитетот,ноговата историја и намена...

Извештај од освојување на модулот

Модул 7

СКОПЈЕ  МАТКА (Шишевси Манастир и Врело)

Овој модул се состои од хајк кој почнува во Скопје(подножјето на водно)  до Шишевскиот манастир кој се наоѓа над кањонот матка и посета на пештерата врело која е една од најдклабоките пештери во европа.

## Водно



Водно е планина сместена во јужниот дел на Скопје. Името „Водно“ потекнува од големиот број на извори кои се наоѓаат на оваа планина.Највисоката точка е врвот „Крстовар“ со надморска височина од 1066м на кој се наоѓа „Милениумски Крст“  и планинарскиот дом “Крстец„ во кој може да се снабдите со храна и преноќиште.

## Кањон Матка

Матка е кањон на реката Треска која е десна притока на реката Вардар и се наоѓа на околу 17 км југозападно од Скопје.Околината изобилува со ендемски видови на животни, инсекти и растенија.Во кањонот се наоѓаат 10 пештери со должина од 20 до 176 м. истотака има 2 манастири: „Свети Никола Шишевски“ и „Успение на Пресвета Богородица“ и 3 цркви: „Свети Андреја“ , „Свети Спас“ и „Света Недела“ (во рушевини).

## Шишевски Манастир

Шишевскиот Манастир„Свети Никола“е сместен високо на една зарамнета тераса на карпите, над десниот брег над вештачкото езеро и е единствено достапен пеш од три правци: од мостот на реката Треска во близина на кајакарските терени кај манастирот Света Богородица во Долна Матка (половина час пешачење), од селото Шишево (1 час), како и од врвот на планината Водно (2 часа и 30 минути). Во манастирот во секое време можете да се снабдите со храна и пренократиште.



## Пештера Врело

